Врз основа на член 35 од Законот за политичките партии (“Службен весник на Република Македонија” број 41/94), Конгресот на Либералната партија на Македонија, на седницата одржана на ден 4 јули 2004 година го донесе следниот

# С Т А Т У Т
## на Либералната партија на Македонија

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1
Либералната партија на Македонија (во понатамошниот текст: Партијата) е политичка организација во која граѓаните слободно се здружуваат поради:
- вршење на политичките и економските слободи и права на граѓаните;
- ширење и заштита на политичките, економските, социјалните, културните и другите права, интереси и уверувања на своите членови;
- учество во постапката за избор на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и градоначалници и советници во советите на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, и
- освојување на власта.

Член 2
Името на Партијата е “ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА”.
Скратеното име на Партијата е “Либерална партија”.
Кратенката на Партијата е “ЛП”.
Седиштето на Партијата е во Скопје, на адреса: “Булевар “Васко Карангелески” без број”.
Партијата има свој печат во кружна форма со натпис: “Либерална партија на Македонија - Скопје”, а во средината на печатот е аплициран заштитниот знак на Партијата.
Штембилот на Партијата е во правоаголна форма со натпис: “Либерална партија на Македонија - Скопје” и простор за број и датум.

Член 3
Партијата има свој заштитен знак, знаме и партиска легитимација.
Заштитниот знак на Партијата ги има следните елементи: син круг потенциран со два бели круга, во кој во средината е аплициран европскиот континент со бела боја, а над него во полукруг се сместени пет жолти ѕвезди со пет краци и под него, со жолти букви, стои: “ЛПМ”. Под знакот, со стилизирани сини букви, во два реда пишува: “Либерална партија” .
Знамето на Партијата има правоаголна форма во соодност 2:1 со бела основа, на која во средината се аплицира заштитниот знак на Партијата.
Изгледот, формата, содржината, нумерирањето и начинот на издавање на партиската легитимација се утврдуваат со одлука на Извршниот комитет на Партијата.

Член 4
Партијата има својство на правно лице.
Партијата е самостојна во организирањето и остварувањето на своите цели,

задачи и активности утврдени со овој Статут.
Партијата ги остварува своите права, должности и одговорности согласно Уставот на Република Македонија, законите, другите правни прописи и овој Статут.

Член 5
Партијата, со посебна одлука на Републичкиот одбор на Партијата, а по претходна расправа по општинските организации, може да развива посебни облици на соработка со други партии и организации со сродни програмски цели од земјата и надвор од неа, да стапува во коалиции со други партии и организации од земјата и да членува во европски и светски организации на либерали.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПАРТИЈАТА

Член 6
Основни цели на Партијата се:
- афирмација на либералните идеи меѓу граѓаните на Република Македонија;
- афирмација на суверена, самостојна, унитарна, демократска и хумана држава Република Македонија;
- мир и сожителство на македонскиот народ со припадниците на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија;
- демократизација на севкупните процеси, односи и институции во Републиката и изградба на цивилното општество;
- заштита и унапредување на индивидуалните слободи и права на граѓанинот;
- владеење на правото;
- децентрализација на државата и развој на локалната самоуправа;
- слобода на пазарот и претприемништвото;
- почитување на општоприфатените принципи на меѓународното право;
- полноправното членство на Републиката во европските, евро-атлантските и светските политички и безбедносни асоцијации и структури;
- поттикнување на демократските процеси на Балканот и водење на политика на соработка и добрососедство;
- унапредување на заштитата од болести, повреди и хендикеп;
- обезбедување соодветна законска регулатива за правата на хендикепираните лица и инвалидските пензионери;
- обезбедување на здрава животна средина и здрава храна;
- создавање кадровски потенцијал способен за креирање и учество во политичкиот процес во Републиката, кој успешно партиципира на избори и во сите нивоа на власта и
- соработка со политички субјекти со блиски програмски определби од земјата и странство.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПАРТИЈАТА

Член 6
Основни цели на Партијата се:
- афирмација на либералните идеи меѓу граѓаните на Република Македонија;
- афирмација на суверена, самостојна, унитарна, демократска и хумана држава Република Македонија;

- мир и сожителство на македонскиот народ со припадниците на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија;
- демократизација на севкупните процеси, односи и институции во Републиката и изградба на цивилното општество;
- заштита и унапредување на индивидуалните слободи и права на граѓанинот;
- владеење на правото;
- децентрализација на државата и развој на локалната самоуправа;
- слобода на пазарот и претприемништвото;
- почитување на општоприфатените принципи на меѓународното право;
- полноправното членство на Републиката во европските, евро-атлантските и светските политички и безбедносни асоцијации и структури;
- поттикнување на демократските процеси на Балканот и водење на политика на соработка и добрососедство;
- унапредување на заштитата од болести, повреди и хендикеп;
- обезбедување соодветна законска регулатива за правата на хендикепираните лица и инвалидските пензионери;
- обезбедување на здрава животна средина и здрава храна;
- создавање кадровски потенцијал способен за креирање и учество во политичкиот процес во Републиката, кој успешно партиципира на избори и во сите нивоа на власта и
- соработка со политички субјекти со блиски програмски определби од земјата и странство.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ПАРТИЈАТА

Член 7
Членот е основа на организирање на Партијата.
Пристапувањето и членувањето во Партијата е лично право на граѓаните, кои ги прифаќаат нејзините програмски цели и статутарни норми.
Член на Партијата може да стане секој полнолетен граѓанин кој е државјанин на Република Македонија.

Член 8
Членот на Партијата ги има следните права, должности и одговорности:
- да учествува во активностите на сите нивоа на организирање на Партијата;
- да дава свои ставови, предлози и мислења;
- да ги изразува своите ставови во однос на работењето и одлучувањето на органите и телата на Партијата, во рамките на нивното работење;
- да бира и да биде биран во органите и телата на Партијата;
- да биде кандидиран за носител на јавни функции во државата и во единицата на локалната самоуправа каде живее;
- да учествува во остварувањето на целите, задачите и активностите на Партијата;
- да биде информиран за активностите на Партијата и на нејзините органи, на начин утврден со овој Статут;
- да му биде обезбеден увид, како и остварување на контрола врз прибавувањето, користењето и располагањето со средствата на Партијата, на начин утврден со овој Статут;
- да работи на остварување на Програмата, Статутот, одлуките и ставовите на органите на Партијата, во политичкиот и општествениот живот;

- да го чува угледот и идентитетот на Партијата во јавноста, и
- да дава прилози за непречена работа на органите и телата на Либералната партија на Македонија според потребите и своите можности, во согласност со позитивните законски прописи.

## III.1. ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ПАРТИЈАТА

Член 9

Член на Партијата се станува со потпишување пристапница.
Со пристапувањето во Партијата членот добива партиска легитимација.
Пристапницата се поднесува до општинската организација на Партијата во единицата на локалната самоуправа каде членот живее или до седиштето на Партијата.
Изгледот на пристапницата и партиската легитимација се утврдува со одлука на Извршниот комитет на Партијата.
Евиденцијата на членството се води во седиштето на Партијата и во секоја општинска организација на Партијата одделно, а начинот на нејзиното водење се утврдува со одлука на Извршниот комитет на Партијата.

Член 10

Доколку некое здружение на граѓани или политичка организација колективно и пристапи на Партијата, членовите на здружението на граѓани или политичката организација стануваат полноправни членови на Партијата.
Одлуката за потврдување на колективното пристапување кон Партијата ја донесува Републичкиот одбор на Партијата, а истата се потврдува од Конгресот на Партијата.

## III.2. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО ВО ПАРТИЈАТА

Член 11

Престанувањето на членството во Партијата може да настане поради:
- губење на правниот статус на Партијата;
- зачленување во друга политичка партија и
- истапување од членство со писмена изјава.

Општинскиот одбор на општинската организација го констатира престанувањето на членството во Партијата.

## IV. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЈАТА

Член 12

Членовите на Партијата се организираат на територијална основа во организации по општини и на државно ниво.
Сите акти што ги донесуваат органите на општинските организации на Партијата, регионалните координации на општинските организации на Партијата и органите на Либералната партија на Македонија мора да бидат во согласност со Програмата на Партијата, Правилата за работа на општинските организации на Партијата (во понатамошниот текст: Правилата за работа на општинските организации) и овој Статут.

Член 13

Во составот на органите на општинските организации на Партијата и на Либералната партија на Македонија треба да се застапени најмалку дваесет проценти членови на Партијата помлади од триесет години и најмалку четириесет проценти од обата пола.

Член 14
Мандатот на органите на општинските организации и на Либералната партија на Македонија трае четири години со право на повторен избор.
Во случај на истек на мандатот, органот продолжува да ја извршува должноста до изборот на нов.

Член 15
Органите на месните организации, општинските организации на Партијата, регионалните координации на Партијата и на Либералната партија на Македонија одлучуваат со мнозинство гласови од присутните членови, освен доколку со овој Статут не е предвиден друг вид мнозинство.

IV.1. ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПАРТИЈАТА

Член 16
На ниво на општина, членовите на Собрание формираат општинска организација на Партијата (во понатамошниот текст: општинска организација).
Општинската организација ги остварува целите и задачите на Партијата на подрачјето на општината каде дејствува.

Член 17
Општинска организација се формира со одлука на Републичкиот одбор на Партијата.
Основачко собрание на општинската организација се свикува по барање на Иницијативен одбор за формирање на општинска организација или со одлука на Републичкиот одбор на Партијата.

Член 18
Органи на општинската организација се Собранието, Општинскиот одбор, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и претседателот на општинската организација.

Член 19
Собранието на Општинската организација (во понатамошниот текст: Собранието) е највисок орган на општинската организација.
Собранието го сочинуваат сите членови од подрачјето на општината, доколку бројот на членовите во општинската организација не е повеќе од сто членови.
Доколку општинската организација брои повеќе од сто членови, членовите на Собранието се избираат од редот на членовите на месните организации и посебните облици на организирање на членовите согласно постапка утврдена од Општинскиот одбор.
Членови на Собранието по функција се и членовите на Општинскиот и Надзорниот одбор на општинската организација, носителите на јавни функции на локално и државно ниво и членовите на органите на Партијата со место на живеење на подрачјето на општината.

Собранието одржува седници најмалку еднаш во годината.

Член 20
Собранието ги остварува следните права, должности и одговорности:
- ги разгледува основните прашања, документи и дејности на општинската организација;
- избира и разрешува претседател на општинската организација;
- избира и разрешува членови на Општинскиот и Надзорниот одбор на општинската организација од редот на членовите на Собранието, согласно изборно-кандидатски постапки и критериуми;
- донесува Насоки за работа на општинската организација;
- усвојува Извештај за работа на општинската организација;
- усвојува Извештај на Надзорниот одбор на Општинската организација;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат органите на Партијата или произлегуваат од програмските активности, Правилата за работа на општинските организации и овој Статут.

Член 21
Општинскиот одбор на општинската организација (во понатамошниот текст: Општинскиот одбор) е највисок политички орган на општинската организација помеѓу две нејзини Собранија и ги извршува политичките дејности на Партијата во општината.
Општинскиот одбор брои од дваесет и пет до четириесет и пет избрани членови. Собранието може да одлучи за зголемување на бројот на избрани членови на Општинскиот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 22
Членови на Општинскиот одбор по функција се и претседателите на општинските организации на посебните облици на организирање на членовите, градоначалникот и советниците во Советот на Општината од Партијата.
На седниците на Општинскиот одбор можат да учествуваат и претседателите на месните организации, пратениците, носителите на јавни функции на локално и државно ниво и членовите на органите на Партијата со место на живеење на подрачјето на Општината, без право на глас.

Член 23
Општинскиот одбор ги остварува следните права, должности и одговорности:
- донесува предлози на одлуки, ставови, заклучоци и Насоки за работа на општинската организација до Собранието;
- донесува одлуки за формирање на месни организации и го утврдува подрачјето на нивното дејствување;
- утврдува Предлог на извештај за работата на општинската организација и истиот го упатува на усвојување од страна на Собранието;
- преку советниците и градоначалниците остварува непосредна политичка дејност во општината;
- разгледува периодични и годишни извештаи за работата на советниците и градоначалникот во општината избрани од редот на членовите на Партијата;
- по предлог на претседателот на општинската организација, од редот на своите членови избира и разрешува Извршен одбор, потпретседатели и секретар на

општинската организација;
- избира и разрешува делегати на Конгресот на Партијата;
- донесува Финансиски план и Завршна сметка;
- дава предлози и иницијативи до Републичкиот одбор на Партијата;
- предлага кандидати за пратеници до Републичкиот одбор на Партијата;
- утврдува кандидати за локални избори, кои ги верификува Републичкиот одбор на Либералната партија на Македонија;
- утврдува кандидати за носители на функции што ги избира Советот на општината, по предлог на претседателот на општинската организација, а во консултација со месните одбори на месните организации и општинските организации на посебните облици на организирање на членовите во општината;
- одлучува за промени во својот состав од најмногу дваесет проценти од составот на своите избрани членови;
- донесува Програма за работа на Општинскиот одбор врз основа на Насоките за работа на Општинската организација;
- донесува Деловник за својата работа и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Собранието, Републичкиот одбор на Партијата или произлегуваат од Правилата за работа на општинските организации и овој Статут.

Општинскиот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш во два месеци.

Член 24

Должноста на избраниот член на Општинскиот одбор може да му престане по негово барање или доколку поради неактивност или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности биде разрешен пред истекот на неговиот мандат.

Предлог за разрешување на член на Општинскиот одбор може да поднесат најмалку 1/3 од членовите на Собранието, 1/3 од членовите на Општинскиот одбор, Надзорниот одбор, претседателот на општинската организација или месниот одбор на месната организација од која потекнува членот. Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен, а по него Општинскиот одбор гласа на првата наредна седница, согласно член 23, алинеја 13 од овој Статут.

Предлог за разрешување на Општинскиот одбор во целост може да поднесат најмалку 1/3 од постоечките месни одбори на месните организации, 1/3 од членовите на Собранието и претседателот на општинската организација. Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а по него одлучува Собранието во рок од триесет дена од денот на поднесувањето.

Член 25

Доколку во рамките на своите активности Општинскиот одбор не се придржува кон Програмата на Партијата, Правилата за работа на општинските организации или овој Статут, истиот може да биде распуштен од страна на Републичкиот одбор на Партијата, по предлог на претседателот на Партијата, со одлука што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 26

Општинскиот одбор избира Извршен одбор на општинската организација (во понатамошниот текст: Извршен одбор) и тој е извршно-политички орган на

општинската организација.
Извршниот одбор брои најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Општинскиот одбор, вклучително и членовите по функција.
Членови на Извршниот одбор по функција се претседателот, потпретседателите, секретарот на општинската организација и претседателите на општинските организации на посебните облици на организирање на членовите во Општината.
На седниците на Извршниот одбор присуствуваат и претседателот на Надзорниот одбор, координаторот на Советничката група на Партија во Советот на Општината и градоначалникот на Општината од редот на членовите на Партијата, без право на глас.

Член 27
Извршниот одбор ги остварува следните права, должности и одговорности:
- ги спроведува донесените одлуки, ставови и заклучоци од страна на Општинскиот одбор, како и активностите што ќе му ги доверат Собранието и Општинскиот одбор;
- утврдува нацрти на документите што ги донесува Собранието и истите ги упатува на разгледување до Општинскиот одбор;
- предлага одлуки, ставови и заклучоци што ги донесува Општинскиот одбор;
- врз основа на доставени материјали од страна на координаторот на Советничката група на Либералната партија во Советот на Општината, зазема ставови по прашања што се поставуваат пред Советот на Општината;
- формира повремени работни групи;
- дава иницијативи за предлози од страна на Општинскиот одбор до Републичкиот одбор на Партијата;
- ја води постапката за предлагање кандидати за локални избори и за избор на пратеници во општинската организација;
- ја следи работата на месните организации и посебните облици на организирање на членовите во општината, на начин утврден во Правилата за работа на општинските организации на Партијата;
- поднесува годишен Извештај за својата работа до Општинскиот одбор;
- донесува Деловник за својата работа;
- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од програмските активности на општинската организација, Правилата за работа на општинските организации на Либералната партија или овој Статут.

Член 28
Должноста на членот на Извршниот одбор може да му престане по негово барање или доколку поради неактивност или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности биде разрешен од страна на Општинскиот одбор пред истекот на неговиот мандат.
Предлог за разрешување на член на Извршниот одбор или Извршниот одбор во целост може да поднесат најмалку 1/3 од членовите на Општинскиот одбор, Надзорниот одбор и претседателот на општинската организација.
Предлогот мора да биде поднесен во писмена форма и образложен, а по него се гласа на првата наредна седница на Општинскиот одбор.

Член 29
Претседателот на општинската организација е претседател на Општинскиот и на Извршниот одбор.

Собранието избира претседател на општинската организација од редот на своите членови, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Собранието.
Предлог за кандидат за претседател на општинската организација до Собранието можат да поднесат најмалку два месни одбори, 1/3 од вкупниот број на членови на Општинскиот одбор или најмалку десет проценти од членовите на Собранието.
Постапката за сумирање на предлозите за кандидати за претседател ја води Кандидациона комисија на Собранието.

Член 30
Доколку ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство во првиот круг од гласањето, во вториот круг одат двајцата кандидати што освоиле најголем број гласови, а за избран се смета кандидатот што освоил мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието.
Доколку и во вториот круг од гласањето за избор на претседател ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство, постапката се повторува.
До изборот на новиот претседател, неговата должност ја извршува актуелниот претседател на општинската организација, а повторувањето на постапката за избор на претседател се врши во рок од четириесет и пет дена од денот на одржувањето на Собранието.

Член 31
Претседателот на општинската организација ги има следните права, должности и одговорности:
- ги свикува и до изборот на Работното претседателство претседава со седниците на Собранието;
- ги свикува и претседава со седниците на Општинскиот одбор и Извршниот одбор;
- ја води кадровската политика на општинската организација;
- ја претставува и застапува општинската организација;
- се грижи за спроведувањето на документите што ги донесуваат Собранието, Општинскиот и Извршниот одбор;
- се грижи за спроведувањето на актите донесени од страна на Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет на Партијата во општинската организација, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Собранието, Општинскиот или Извршниот одбор, орган на Партијата или произлегуваат од Правилата за работа на општинските организации и овој Статут.

Член 32
Должноста на претседателот може да му престане по негово барање или доколку поради неактивност или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности биде разрешен од страна на Собранието пред истекот на неговиот мандат.
Предлог за разрешување на претседателот може да поднесат најмалку 1/3 од месните одбори на месните организации на подрачјето на општината или 1/3 од членовите на Општинскиот одбор.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде

образложен, а Општинскиот одбор гласа по него на првата наредна седница. Доколку Општинскиот одбор го усвои предлогот за разрешување на претседателот на општинската организација, Општинскиот одбор донесува одлука за свикување вонредна седница на Собранието во рок од триесет дена од денот на усвојувањето на предлогот.

Член 33

Собранието избира Надзорен одбор на Општинската организација (во понатамошниот текст: Надзорен одбор) од редот на своите членови.
Надзорниот одбор брои пет члена.
Член на Надзорниот одбор не може да биде член на Општинскиот одбор.

Член 34

Надзорниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:
- врши контрола врз спроведувањето на актите на органите на општинската организација;
- се грижи за согласноста на актите на органите на Општинската организација со актите на органите на Партијата, Правилата за работа на општинските организации и овој Статут;
- остварува контрола и поднесува Извештај за прибавувањето, користењето и располагањето со средствата на општинската организација;
- врши вонредна контрола врз основа на заклучок на Собранието и Општинскиот одбор или по иницијатива на нивни работни тела и членови;
- избира претседател на Надзорниот одбор од редот на своите членови;
- присуствува на седниците на Општинскиот одбор;
- присуствува на седниците на органите на месните организации, подготвува информации за нивниот тек, спроведувањето на утврдените постапки и согласноста на донесените акти со Правилата за работа на општинските организации и истите ги доставува до Извршниот одбор;
- подготвува информации за текот на седниците на Општинскиот и Извршниот одбор, спроведувањето на утврдените постапки и согласноста на донесените акти со Правилата за работа на општинските организации и овој Статут и истите ги доставува до Собранието во форма на Извештај;
- донесува Деловник за својата работа и
- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од Правилата за работа на општинските организации, овој Статут или се утврдени со закон.

Надзорниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш на два месеци.

Член 35

Надзорниот одбор или одделни негови членови можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот по свое барање или доколку поради неактивност или несоодветно извршување на доверените права, должности и одговорности бидат разрешени од Собранието пред истекот на мандатот.
Предлог за разрешување на членот на Надзорниот одбор или Надзорниот одбор во целост може да поднесат најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Општинскиот одбор или најмалку 1/3 од постоечките месни одбори на месните организации на подрачјето на општината.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде

образложен, а по него се гласа на првата наредна седница на Собранието.

Член 36
Општинската организација формира месни организации, зависно од бројот на членовите на Партијата во таа општина.
Месните организации се составени од сите членови на Партијата на подрачјето на една месна заедница, населба, изборно место или изборна единица, согласно одлука на Општинскиот одбор на општинската организација и тие ги операционализираат активностите на општинската организација на подрачјето на нивното дејствување.
Месните организации се формираат доколку бројат најмалку дваесет членови.
Органи на месните организации се Собранието, Месниот одбор, претседателот, потпретседателите и секретарот на месната организација, а нивните права, должности и одговорности се утврдуваат со Правилата за работа на општинските организации.

## IV.2. РЕГИОНАЛНИ КООРДИНАЦИИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПАРТИЈАТА

Член 37
Со цел координирање на активностите на општинските организации, Извршниот комитет на Партијата може да донесе одлука за формирање на регионални координации на општинските организации на Партијата (во понатамошниот текст: регионални координации).
Регионалните координации дејствуваат на подрачјето на изборните региони утврдени со Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија или по региони утврдени од страна Извршниот комитет на Партијата врз основа на согледувањата за пооперативно поставување на структурата на Партијата.

Член 38
Органи на регионалната координација се Регионалниот одбор и регионалниот координатор.

Член 39
Членови на Регионалниот одбор на регионалната координација (во понатамошниот текст: Регионален одбор) се претседателите на општинските организации на подрачјето на изборниот регион и регионалниот координатор.
Регионалниот одбор ги остварува следните права, должности и одговорности:
- донесува Насоки за работа на регионалната координација;
- поднесува Извештај за својата работа до Извршниот комитет на Партијата;
- утврдува активности за координирање на активностите на општинските организации на подрачјето на своето дејствување;
- да биде информиран за именување и разрешување на носители на јавни функции од општинските организации на подрач-јето на своето дејствување;
- учествува во кадровската политика;
- организира советувања и друг облик на консултации на општинските организации на подрачјето на неговото дејствување;
- поттикнува активности на општинските организации на посебните облици на организирање на членовите на Партијата на подрачјето на своето дејствување;

- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат органите на Партијата, органите на општинските организации на подрачјето на неговото дејствување или произлегуваат од програмските активности, Правилата за работа на општинските организации и овој Статут.

Член 40
Регионалниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш на четири месеци.
На седниците на Регионалниот одбор присуствуваат и пратениците избрани на подрачјето во кое дејствува регионалната координација.

Член 41
Со работата на регионалните координации раководи регионален координатор што го именува Републичкиот одбор на Партијата од редот на своите членови, по предлог на Извршниот комитет на Партијата.
Регионалниот координатор ги остварува следните права, должности и одговорности:
- ги свикува и претседава со седниците на Регионалниот одбор;
- предлага Насоки за работата на регионалната координација;
- ги раководи заедничките активности на општинските организации на подрачјето на дејствување на регионалната координација;
- предлага мерки за унапредување на активностите на регионалната координација до Извршниот комитет на Партијата;
- најмалку еднаш годишно поднесува Извештај за своето работење до Извршниот комитет на Партијата;
- присуствува на седниците на Извршниот комитет на Партијата;
- присуствува на седниците на општинските одбори на општинските организации на подрачјето на дејствување на регионал-ната координација и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат органите на Партијата или произлегуваат од Правилата за работа на општинските организации и овој Статут

.Член 42
Должноста на регионалниот координатор може да му престане по негово барање или доколку поради неактивност или несоодветно вршење на доверените права, должности и одговорности биде разрешен од страна на Републичкиот одбор на Партијата пред истекот на неговиот мандат.
Предлог за разрешување на регионалниот координатор може да поднесат најмалку 1/3 од општинските одбори на општинските организации од подрачјето на дејстување на регионалната координација, најмалку 1/3 од членовите на Извршниот комитет на Партијата и претседателот на Партијата.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а по него се гласа на првата наредна седница на Републичкиот одбор на Партијата.

## V. ПОСЕБНИ ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПАРТИЈАТА

Член 43
Посебни облици на организирање на членовите на Партијата (во понатамошниот текст: посебни облици на организирање на членовите) се:
- Либералната унија на млади на Македонија, како политички подмладок на Партијата;
- Унијата на жени на Либералната партија на Македонија, како форма на организирање на жените што членуваат во Партијата и
- Либералната академија, како собир на јавни, културни и научни работници од либерална провиниенција во разни области на општественото живеење.
Партијата ја иницира и поддржува дејноста и на други посебни облици на организирање на нејзините членови по основа на нивната струка и занимање, а за нивното основање одлучува Републичкиот одбор на Партијата со посебна одлука.

Член 44
Посебните облици на организирање на членовите ги уредуваат своите цели, задачи и начин на работење со посебни програми и правила за работа, а во согласност со програмските определби и Статутот на Партијата.

## VI. ОРГАНИ НА ПАРТИЈАТА

Член 45
Органи на Партијата се Конгресот, Републичкиот одбор, Надзорниот комитет и претседателот на Партијата.

### VI.1. КОНГРЕС НА ПАРТИЈАТА

Член 46
Конгресот на Партијата (во понатамошниот текст: Конгресот) е највисок орган на Партијата.
Конгресот го сочинуваат делегати од општинските организации и од посебните облици на организирање на членовите.
Републичкиот одбор на Партијата исто така може да избере делегати од редот на членовите на Партијата, истакнати во одредени области на општествениот живот, но не повеќе од пет проценти од вкупниот број на делегати.
Делегати на Конгресот по функција се и претседателот на Партијата, членовите на Републичкиот одбор и на Надзорниот комитет на Партијата.
Статус на делегати можат да имаат и сите избрани советници во советите на единиците на локалната самоуправа од Партијата, доколку за тоа Републичкиот одбор на Партијата донесе одлука со мнозинство од вкупниот број членови.

Член 47
Одлука за свикување Конгрес донесува Републичкиот одбор на Партијата по сопствена иницијатива или по барање на претседателот на Партијата или повеќе од половината од општинските одбори, во рок од дваесет дена од денот на поднесувањето на барањето.
Доколку Републичкиот одбор не донесе одлука за свикување на Конгресот во рокот утврден во претходниот став, тогаш одлуката ќе ја донесе барателот во рок од десет дена од истекот на рокот од претходниот став.

Одлуката за свикување Конгрес се донесува најмалку триесет, а најмногу деведесет дена пред почетокот на Конгресот, ос-вен во случаи предвидени со овој Статут.
Со одлуката за свикување Конгрес задолжително се утврдуваат:
- времето и местото на одржувањето на Конгресот;
- предлогот на дневниот ред за работа на Конгресот;
- лицето кое ќе го отвори и ќе претседава со Конгресот до изборот на Работното претседателство, доколку одлуката за свикување Конгрес ја донеле повеќе од половината општински одбори согласно став 2 од овој член;
- бројот на делегати, постапката за нивниот избор и отповикување и
- изборно-кандидатските критериуми и постапки за избор на членови на Републичкиот одбор и Надзорниот комитет на Партијата, доколку се врши избор на Републички одбор и/или Надзорен комитет на Партијата.

Член 48
Конгресот се одржува по потреба, а најмалку еднаш на четири години.
Конгресот го свикува и со неговата работа до изборот на Работното претседателство претседава претседателот на Партијата.
Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на Партијата, со работата на Конгресот, до изборот на Работното претседателство, претседава еден од потпретседателите на Партијата по овластување од претседателот на Партијата или лицето од член 47, став 4, алинеја 3 од овој Статут.
Конгресот се свикува со писмена покана во која е содржан и предлогот на дневниот ред.

Член 49
Конгресот може полноважно да работи и одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број делегати.
За работата на Конгресот се води записник, што го потпишуваат претседателот на Работното претседателство на седницата и двајца заверувачи на записникот.

Член 50
Одлуките од својата надлежност како и изборот на органите Конгресот ги врши по претходна расправа и по правило јавно.
Гласањето може да биде и тајно, доколку за тоа се донесе одлука со мнозинство гласови од присутните делегати или во услови утврдени со овој Статут и Деловникот за работа на Конгресот.

Член 51
Седниците на Конгресот се јавни, освен доколку од посебно оправдани причини не бидат прогласени за затворени, за што одлука донесува Конгресот со мнозинство од вкупниот број на делегати.

Член 52
Конгресот ги има следните права, должности и одговорности:
- донесува Програмска декларација на Партијата и врши нејзини измени и дополнувања;
- донесува Статут на Партијата и врши негови измени и дополнувања;
- утврдува Насоки за работа на Партијата;
- донесува и други акти утврдени со овој Статут;

- донесува принципи и критериуми за изборно-кандидатски листи;
- води расправа, зазема ставови, донесува заклучоци и ги усвојува годишните извештаи на Партијата;
- води расправа за материјално-финансиската состојба на Партијата;
- ги разгледува извештаите на Републичкиот и на Надзорниот одбор на Партијата;
- формира работни тела на Конгресот;
- избира претседател на Партијата;
- избира членови на Републичкиот одбор и на Надзорниот комитет на Партијата, по предлог на општинските одбори на Партијата, согласно изборно-кандидатски критериуми и постапки;
- решава по жалбите и приговорите упатени до Конгресот;
- донесува Деловник за својата работа, и
- врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со Закон или со други прописи.

Член 53

За време на изборна кампања и во случај на прогласена воена или вонредна состојба, правата, должностите и одговорностите на Конгресот ги врши Републичкиот одбор на Партијата, при што има обврска на првата наредна седница да го информира Конгресот за преземените активности и донесените одлуки.

## VI.2. РЕПУБЛИЧКИ ОДБОР НА ПАРТИЈАТА

Член 54

Републичкиот одбор на Партијата (во понатамошниот текст: Републичкиот одбор) е највисок орган на Партијата помеѓу два Конгреса.
Републичкиот одбор брои од шеесет и пет до седумдесет и пет избрани членови.
Претседателот на Партијата дополнително именува и разрешува уште најмногу десет членови на Републичкиот одбор.
Членови на Републичкиот одбор по функција се и претседателот на Партијата, пратениците, министрите, замениците на министрите, градоначалниците на единиците на локалната самоуправа од Партијата и претседателите и секретарите на посебните облици на организирање на членовите.
Во работата на Републичкиот одбор учествуваат и претседателите на општинските организации, без право на глас.

Член 55

Републичкиот одбор одржува седници според потребата и програмата за работа, по барање на орган на Партијата, по барање и иницијатива на најмалку десет општински одбори на општински организации на Партијата или пак по предлог на најмалку 1/3 од членовите на Републичкиот одбор, а најмалку еднаш на три месеци.

Член 56

Седниците на Републичкиот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Партијата, а во случај на негова спреченост или отсуство, седниците може да ги свика и со нив да раководи еден од потпретседателите на Партијата, по овластување од претседателот на Партијата или друго лице на начин и постапка

утврдени со Деловникот за работа на Републичкиот одбор.
Седниците на Републичкиот одбор се свикуваат со писмена покана во која е содржан и предлогот на дневниот ред.

Член 57
Републичкиот одбор може полноважно да работи и одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на негови членови.
За работата на Републичкиот одбор се води записник, што го потпишуваат претседавачот на седницата и лицето што го води Записникот од седницата.

Член 58
Одлуките од својата надлежност како и изборот на органите Републичкиот одбор ги врши по претходна расправа и по правило јавно.
Гласањето може да биде и тајно, доколку за тоа се донесе посебна одлука со мнозинство од присутните членови или во услови утврдени со Деловникот за работа на Републичкиот одбор.

Член 59
Седниците на Републичкиот одбор се јавни, освен доколку од посебно оправдани причини не бидат прогласени за затворени, за што одлука донесува Републичкиот одбор со мнозинство од вкупниот број членови.

Член 60
Републичкиот одбор ги има следните права, должности и одговорности:
- расправа за актуелни состојби и движења поврзани со општествено-политичката и економската состојба во државата и утврдува ставови и заклучоци;
- разгледува периодични и годишни извештаи за активностите на пратениците од Партијата;
- се грижи за реализација на програмските цели на Партијата и за усвоените ставови и заклучоци;
- усвојува Предлог-извештај за работата на Партијата;
- усвојува Финансиски план и Завршна сметка на Партијата;
- по предлог на претседателот на Партијата, од редот на своите членови избира и разрешува Извршен комитет на Партијата, потпретседатели и генерален секретар на Партијата;
- предлага мерки за унапредување на методот на работа и облиците на дејствување;
- утврдува листи на кандидати за пратеници и кандидати за носители на државни функции што ги избира Собранието на Република Македонија, по предлог на претседателот, а во консултација со општинските организации, регионалните кординатори и посебните облици на организирање на членовите;
- верификува конечни листи на кандидати за локални избори доставени од општинските организации;
- формира комисии и работни тела и ја координира и насочува нивната активност;
- организира советувања и други облици на консултации и договарања;
- донесува одлуки за здружување или коалиција со други политички партии што потоа треба да ги потврди Конгресот на Партијата;
- донесува Правила за работа на општинските организации;

- ги верификува правилата за работа на посебните облици на организирање на членовите и нивните измени и дополнувања;
- донесува одлуки за кадровски промени во својот состав до дваесет проценти од составот на своите членови избрани на Конгрес;
- донесува Одлука за основање на Стручна служба на Партијата;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Конгресот, како и оние што произлегуваат од целите и задачите на Партијата, а не се ставени во надлежност на друг орган утврден со овој Статут.

Член 61
За извршувањето на своите права, должности и одговорности, Републичкиот одбор е одговорен пред Конгресот на Партијата.
Предлог за разрешување на избран член на Републичкиот одбор може да поднесе општинскиот одбор на општинската организација која го предложила членот на Републичкиот одбор. Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен, а по него Републичкиот одбор одлучува на првата наредна седница согласно член 60, алинеја 15 од овој Статут.
Републичкиот одбор во целост или одделен негов избран член може да биде разрешен и пред истекот на мандатот од страна на Конгресот свикан согласно член 47 од овој Статут.

## VI.3. ИЗВРШЕН КОМИТЕТ НА ПАРТИЈАТА

Член 62
Извршниот комитет на Партијата (во понатамошниот текст: Извршниот комитет) е извршен орган на Републичкиот одбор и ги врши оперативно-политичките работи.
Извршниот комитет брои од седум до тринаесет избрани членови.
Републичкиот одбор, по предлог на претседателот на Партијата, со посебна одлука може да го зголеми бројот на избрани членови на Извршниот комитет.

Член 63
По функција членови на Извршниот комитет се и претседателот, потпретседателите и генералниот секретар на Партијата, регионалните координатори, пратениците од Партијата и претседателите на Либералната унија на млади на Македонија и Унијата на жените на Либералната партија на Македонија.
На седниците на Извршниот комитет присуствува и претседателот на Надзорниот комитет на Партијата, без право на глас.

Член 64
Извршниот комитет одржува седници по потреба, по барање на орган на Партијата и по предлог на најмалку 1/3 од неговите членови, а најмалку еднаш на два месеци.
Седниците на Извршниот комитет ги свикува и со нив раководи претседателот на Партијата, а во случај на негова спреченост или отсуство, седниците може да ги свика и со нив да раководи еден од потпретседателите на Партијата овластен од страна на претседателот на Партијата, на начин утврден со Деловникот за работа на Извршниот комитет.

Член 65
Извршниот комитет може полноважно да работи и одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на негови членови.
За работата на Извршниот комитет се води записник, што го потпишуваат претседавачот на седницата и лицето што го води записникот.

Член 66
Одлуките од својата надлежност Извршниот комитет ги донесува по претходна расправа и по правило јавно.
Гласањето може да биде и тајно, доколку за тоа се донесе посебна одлука со мнозинство од присутните членови или во услови утврдени со Деловникот за работа на Извршниот комитет.

Член 67
Седниците на Извршниот комитет се јавни, освен доколку од посебно оправдани причини не бидат прогласени за затворени, за што одлука донесува Извршниот комитет со мнозинство од вкупниот број на членови.

Член 68
Извршниот комитет ги има следните права, должности и одговорности:
- предлага одлуки, ставови и заклучоци до Републичкиот одбор;
- утврдува нацрти на документите што ги донесува Конгресот и предлози на документите што ги донесува Републичкиот од-бор;
- утврдува кандидати за носители на функции што ги избира и именува Владата на Република Македонија;
- донесува одлуки од материјално-финансиски и друг карактер;
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Републичкиот одбор;
- формира комисии и работни тела и ја координира и насочува нивната активност;
- избира и разрешува лице задолжено за односи со јавноста и ги утврдува неговите права, должности и одговорности;
- по предлог на генералниот секретар донесува одлука за систематизација на работите и работните задачи на работниците во Стручната служба на Партијата и други акти поврзани со остварувањето на нивните права од работниот однос;
- донесува Деловник за својата работа, и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Републичкиот одбор, како и оние што произлегуваат од целите и задачите на Партијата, а не се ставени во надлежност на друг орган утврден со овој Статут.

Член 69
За извршувањето на своите права, должности и одговорности Извршниот комитет е одговорен пред Републичкиот одбор, кој има право да разреши одделен негов член или Извршниот комитет во целост.
Предлог за разрешување на одделни членови и на Извршниот комитет во целина може да поднесат претседателот на Партијата, Надзорниот комитет и најмалку дваесет членови на Републичкиот одбор.
Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен, а по него Републичкиот одбор одлучува на првата наредна седница.

## VI.4. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПАРТИЈАТА

Член 70
Претседателот на Партијата (во понатамошниот текст: претседател/от) е претседател на Републичкиот одбор и на Извршниот комитет.
Во случај кога претседателот е избран на функција од државен карактер, функцијата му мирува, а работите поврзани со неговата функција во Партијата ги извршува еден од потпретседателите по предлог на претседателот, за што одлука донесува Републичкиот одбор.

Член 71
Конгресот избира претседател од редот на своите членови, со мнозинство на гласови од вкупниот број на делегати.
Предлог за кандидат за претседател до Конгресот можат да поднесат најмалку десет општински одбори, 1/3 од вкупниот број на членови на Републичкиот одбор или најмалку десет проценти од делегатите на Конгресот.
Постапката за сумирање на предлозите за кандидати за претседател ја води Кандидациона комисија на Конгресот.

Член 72
Доколку ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство во првиот круг од гласањето, во вториот круг одат двајцата кандидати што освоиле најголем број гласови, а за избран се смета кандидатот што освоил мнозинство на гласови од присутните делегати на седницата.
Доколку и во вториот круг од гласањето за избор на претседател ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство, постапката се повторува.
До изборот на новиот претседател, неговата должност ја извршува актуелниот претседател на Партијата, а повторувањето на постапката за избор на претседател се врши во рок од три месеци од денот на одржувањето на Конгресот.

Член 73
Претседателот ги остварува следните права, должности и одговорности:
- предлага одлуки, ставови и заклучоци што ги донесуваат Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет на Партијата;
- ја води кадровската политика на Партијата;
- се грижи за спроведувањето на заклучоците, одлуките и другите акти што ги донесуваат Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет;
- ги потпишува актите на органите и финансиските документи на Партијата и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет, што се утврдени со овој Статут или произлегуваат од позитивните законски прописи.
Во случај на воена или вонредна состојба во државата, кога работата на Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет е објективно оневозможена, правата, должностите и одговорностите на овие органи ги извршува претседателот, кој е должен на нивната прва наредна седница да поднесе извештај за преземените активности за времетраењето на таквата состојба.Член 74
Функцијата на претседателот може да му престане по негово барање и доколку го разреши Конгресот пред истекот на мандатот, а по предлог на најмалку 1/3 од

вкупниот број членови на Републичкиот одбор или најмалку 1/3 од постоечките општински одбори.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а Републичкиот одбор по него гласа на првата наредна седница.
Доколку Републичкиот одбор го усвои предлогот за разрешување на претседателот на Партијата, Републичкиот одбор донесува одлука за свикување вонредна седница на Конгресот во рок од триесет дена од денот на усвојувањето на предлогот.

## VI.5. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ПАРТИЈАТА

Член 75
Потпретседателот на Партијата (во понатамошниот текст: потпретседателот) го заменува и му помага на претседателот во извршувањето на неговите должности и одговорности, а по претходно овластување од претседателот и на начин утврден од страна на органите на Партијата, во согласност со овој Статут.
Републичкиот одбор избира од два до четири потпретседатели.

Член 76
Потпретседателот ги има следните права, должности и одговорности:
- се грижи за реализација на Програмата за работа на Партијата и особено на Републичкиот одбор;
- се грижи за операционализација на донесените ставови и заклучоци на органите на Либералната партија на Македонија и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги довери Конгресот, Републичкиот одбор, Извршниот комитет и претседателот

.Член 77
Функцијата на потпретседателот може да му престане по негово барање или доколку Републичкиот одбор го разреши пред истекот на мандатот.
Предлог за разрешување на потпретседател може да поднесе орган на Партијата и најмалку 1/3 од членовите на Републичкиот одбор.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а по него се гласа на првата наредна седница на Републичкиот одбор.

## VI.6. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ПАРТИЈАТА

Член 78
Генералниот секретарот на Партијата (во понатамошниот текст: генералниот секретар) е индивидуално извршно-политичко лице.
Генералниот секретар должноста може да ја извршува професионално.

Член 79
Генералниот секретар ги има следните права, должности и одговорности:
- ја организира подготовката на седниците на Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет и се грижи за нивно непречено организирање;
- предлага секретари и ја насочува нивната работа;
- ги спроведува кадровските постапки;
- остварува комуникација со општинските организации и ја насочува работата

на координаторите на регионалните координации на начин утврден од страна на Извршниот комитет и
- остварува и други права, должности и одговорности што ќе му ги доверат Конгресот, Републичкиот одбор, Извршниот комитет и претседателот, или се утврдени со Закон или овој Статут.

Член 80
Функцијата на генералниот секретар може да му престане по негово барање и доколку го разреши Републичкиот одбор пред истекот на мандатот, а по предлог на орган на Партијата или најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Републичкиот одбор.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а по него се гласа на првата наредна седница на Републичкиот одбор на Партијата.

VI.6.А. СЕКРЕТАР(И)

Член 81
Извршниот комитет може да назначи секретари (во понатамошниот текст: секретари) кои ги вршат стручно-аналитичките работи потребни за Партијата.
Должноста на секретарот може да му престане по негово барање и доколку Извршниот комитет го разреши пред истекот на мандатот, а по предлог на орган на Партијата или најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Извршниот комитет.
Предлогот за разрешување мора да биде поднесен во писмена форма и да биде образложен, а по него се гласа на првата наредна седница на Извршниот комитет.

VI.7. НАДЗОРЕН КОМИТЕТ НА ПАРТИЈАТА

Член 82
Надзорниот комитет на Партијата (во понатамошниот текст: Надзорниот комитет) брои од пет до девет членови што ги избира Конгресот од редот на своите делегати.
Бројот на членови на Надзорниот комитет го утврдува Конгресот со одлуката за избор на членови на Надзорниот комитет.
Должноста член на Надзорниот комитет е неспоива со должноста член на Републичкиот одбор.

Член 83
Надзорниот комитет ги има следните права, должности и одговорности:
- избира претседател на Надзорниот комитет од редот на своите членови;
- врши контрола врз спроведувањето на Статутот и другите акти на Партијата;
- го контролира спроведувањето на одлуките на Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет на Партијата;
- остварува контрола и поднесува Извештај за прибавувањето, користењето и располагањето со средствата на Партијата;
- врши вонредна контрола врз основа на заклучок на Конгресот, Републичкиот одбор и Извршниот комитет или по иницијатива на нивни работни тела и членови;
- донесува Деловник за работа и

- остварува и други права, должности и одговорности што се утврдени со Закон.

Член 84
За извршувањето на своите права, должности и одговорности, Надзорниот комитет е одговорен пред Конгресот, кој има право да отповика одделен негов член или Надзорниот комитет во целина.
Предлог за разрешување на одделен член на Надзорниот комитет може да поднесат најмалку пет општински одбори на општински организации.
Предлог за разрешување на Надзорниот комитет во целина може да поднесат најмалку 1/3 од постоечките општински одбори.
Предлогот мора да биде доставен во писмена форма и да биде образложен, а по него одлучува Конгресот на првата наредна седница.

## VII. ОСТВАРУВАЊЕ КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА НА ПАРТИЈАТА

Член 85
Контрола врз работата на Партијата остваруваат нејзините органи и членови, на начин утврден со овој Статут.
Контрола врз законитоста во работењето на Партијата вршат и надлежните органи и служби на Република Македонија во согласност со законските прописи.

Член 86
Членовите на Партијата имаат право да остваруваат контрола врз работењето на Партијата, непосредно преку Надзорниот од-бор на Партијата.

## VIII. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПАРТИЈАТА

Член 87
Партијата ја претставува претседателот.
По негово овластување или во случај на отсутност, Партијата ја претставува потпретседател на Партијата.

Член 88
Претседателот ја претставува Партијата пред:
- субјектите кои непосредно се заинтересирани или можат да придонесат за успешно остварување на целите и задачите на Партијата;
- странските и меѓународните политички организации кои соработуваат со Партијата и нивните официјални органи и делегации;
- претставниците од други држави кои соработуваат со Партијата или пројавуваат интерес за соработка.

Член 89
Како претставник на Партијата, претседателот нема право да отстапува од нејзините цели и задачи, како и од програмските ориентации и насоки утврдени од страна на Конгресот.

Член 90
Партијата ја застапува претседателот во рамките на остварувањето на нејзините

цели и задачи и во границите на своите овластувања утврдени со овој Статут. Републичкиот одбор има право да предвиди правни дејства кои претседателот, како правен застапник на Партијата, нема право да ги преземе без претходна одлука на Републичкиот одбор или Извршниот комитет.

## IX. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ПАРТИЈАТА

Член 91
Стручната служба на Партијата ги извршува стручните, оперативните, техничките и другите работи и задачи кои се во интерес на остварувањето на нејзините цели, задачи и активности.
Со работата на Стручната служба раководи генералниот секретар.

## X. СРЕДСТВА НА ПАРТИЈАТА, НАЧИН НА НИВНО СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

Член 92
За остварување на своите цели и задачи, Партијата стекнува средства, односно определени права на средства и со нив располага во согласност со овој Статут и Законот.

Член 93
Партијата стекнува парични средства, предмети и материјални добра кои се обезбедуваат од членарина, доброволни прилози, приходи, сопствен имот, подароци, датации, легати и Буџетот на Република Македонија.

Член 94
Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Партијата се врши на начин утврден со закон.

Член 95
Средствата на Партијата можат да се користат само за намени утврдени со Финансиски план и врз основа на соодветен документ.
Наредбодавач за извршување на Финансискиот план, во согласност со правата, должностите и одговорностите утврдени со закон е претседателот на Партијата.

## XI. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ПАРТИЈАТА

Член 96
Партијата обезбедува известување на јавноста за својата работа преку:
- присуство на нејзините членови како и на други заинтересирани лица на седниците на нејзините органи и нивните работни тела;
- достапност на извештаите и другите материјали во врска со работата на Партијата до членовите и другите заинтересирани лица како и нивно доставување до јавноста;
- издавање на билтени, информатори и други публикации;
- организирање на конференции за средствата за информирање;
- непосредно настапување на овластени претставници на Партијата преку средствата за информирање, и

- други начини кои овозможуваат навремено и вистинито известување на јавноста за работата на Партијата.
Јавноста не може да биде известена за работите на Партијата кои имаат карактер на деловна или друга тајна, за што одлука донесува Извршниот комитет.

## XII. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПАРТИЈАТА И РАСПОЛАГАЊЕ СО НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

Член 97
Партијата може да престане со работа ако:
- за тоа со двотретинско мнозинство одлучи Конгресот на Партијата;
- бројот на членовите на Партијата се намали под бројот определен со Законот за политичките партии;
- Конгресот утврди дека Партијата не ги извршува своите цели и задачи, или
- настапи било која од причините утврдени со Законот за политичките партии за забрана на работата на Партијата.

Член 98
Постапката за забрана на работата на Партијата ја покренуваат, водат и во врска со тоа одлучуваат надлежните органи утврдени со Закон.

Член 99
Кога Партијата ќе престане со работа, средствата што остануваат по намирувањето на нејзините обврски се пренесуваат на некоја од хуманитарните организации.

## XIII. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ПАРТИЈАТА

Член 100
Иницијатива за измени и дополнувања на овој Статут може да покрене секој член, општински одбор, работно тело и орган на Партијата.
Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до Републичкиот одбор и истата мора да содржи образложение за причините заради кои се поднесува, како и содржината на измените и дополнувањата што се предлагаат.

Член 101
Врз основа на поднесените иницијативи и претходно водената јавна расправа по нацртот на Одлуката, Републичкиот одбор утврдува Предлог-одлука за измени и дополнувања на Статутот и ја упатува за донесување до Конгресот.
За неприфатените иницијативи и причините за нивното неприфаќање, Републичкиот одбор ги известува нивните подносители кои имаат право да се обратат до Конгресот за расправа и произнесување за постоењето на причините за измени и дополнувања на Статутот.
Статутот, како и неговите измени и дополнувања, Конгресот ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број делегати.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 102
Актите пропишани со овој Статут да се донесат во рок од шест месеци од денот на неговото усвојување.

Член 103
Толкување на одредбите на овој Статут дава Републичкиот одбор.

Член 104
Прашањата што не се уредени со овој Статут ќе ги регулира Републичкиот одбор со посебни акти, во согласност со законските прописи и овој Статут.

Член 105
Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Партијата донесен на 23 декември 1999 година.

Член 106
Овој Статут влегува во сила наредниот ден по неговото донесување.

Охрид, 4 јули 2004 година

КОНГРЕС НА ЛИБЕРАЛНАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Работното претседателство,
Владимир Соколовски, с.р.

ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Стојан Андов, с.р.

Архивски број: 09-68/04.07.2004
Статутот на Либералната партија на Македонија е впишан
во Регистарот на политички партии и здруженија на граѓани
при Основниот суд Скопје 1 со Решение број 91 од 22.09.2004 г.